ОПШТИНА БИТОЛА

Согласно измени и дополнување на програмата за култура за 2024 година, усвоена со Одлука на Совет на општина Битола, Бр.09-60/13, усвоена на 09.07.2024 година,

**Општина Битола**
**објавува**
**Јавен повик за учество во програмата на**
**Битолско културно лето**
**„БИТ ФЕСТ 2024“**

Општина Битола,оваа година по 16-ти пат го организира Битолското културно лето „БИТ ФЕСТ“.

**Предмет на јавниот повик** – кофинансирање на манифестации и проекти од областа на културата:
- музичка и музичко – сценска уметност
- театар
- ликовна уметност
- видео, фото, филмска уметност
- литература
- фолклор
- нови уметности
- мултидисциплинарни проекти

Вкупниот износ на средства кои се предвидени со овој повик е 1.000.000,00 денари.
Активностите треба да бидат реализирани заклучно со 31.08.2024 год.

**Право на учество на јавниот повик** имаат сите заинтересирани субјекти, физички лица, правни лица, Здруженија на граѓани, владини организации и јавни установи од областа на културата (со седиште во Општина Битола). Ако апликантот е со седиште во друга општина, проектот/активноста треба да биде одржана на територија на општина Битола.
Со цел, поддршка и промоција на културните настани и дисперзија на случувањата на различни локации во Општината, приоритет ќе имаат манифестации и предлог настаните кои ќе се одржат на алтернативен простор, соодветно на комплетноста на апликационата форма.
Организаторите на културните настани и манифестации кои се дел од програмата за култура, усвоена од Советот на општина Битола, немаат право да аплицираат на овој повик, а нивните манифестации ќе бидат дел од Програмата на „БИТ ФЕСТ 2024“.

**Потребни документи за пријавување за правни лица:**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 347 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

- Барање (Апликација)
- Копија од Решение за регистрација
- Копија од Тековна состојба од Централен регистар не постара од 3 месеци
- Изјава од овластено лице на апликантот, дека по реализацијата на активноста до Општина Битола ќе се достават наративен извештај со фотографии и финансиски извештај - докази за направените трошоци (копии од фактури, фискални сметки со сметкопотврди, налози за плаќање од банка) во текот на активноста (Проектот) заверена на нотар (во оригинал)

**Потребни документи за физички лица:**

-Барање (Апликација)

-Изјава дека по реализацијата на активноста до Општина Битола ќе се достават наративен извештај со фотографии и финансиски извештај - докази за направените трошоци (копии од фактури, фискални сметки со сметкопотврди, налози за плаќање од банка) во текот на активноста (Проектот) заверена на нотар (во оригинал).

**Критериуми за оценување на проектите:**

Претходно искуство во учество на настани од ист или сроден вид (проекти со континуитет) **10 бода**

Квалитет, јасност, аргументираност и иновативност на предложените проекти; **10 бода**

Професионално елаборирани проекти од домашни и странски уметници со детално наведена програма**; 10 бода**

Степен на влијание на проектот/настанот врз квалитетот на животот на локалната заедница со образложение за целната група кон која се ориентирани; **10 бода**

Прифаќање на млади автори со ветувачки капацитети и нови визии кои навестуваат понагласен творечки потенцијал; **10 бода**

Професионална екипираност, капацитети и можности за реализација на настаните; **10 бода**

Максимално искористување на вложените средства на проектите, прикажување на проектите на локации кои ќе го зголемат бројот на консументите; **10 бода**

Вклучување на независната културна сцена во алтернативни простори; **10 бода**

Кооперативност со други општествени сегменти (производство, образование, екологија...) **10 бода**

Иновативни идеи со примена на можностите на современата технологија во функција на туристичка промоција **10 бода**

За реализацијата на овие настани, одделението за јавни дејности ќе изготви комплетен извештај.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 347 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Висината на износот со кој финансиски ќе бидат поддржани прифатените проекти, ќе биде одлука на комисијата, согласно извршеното бодување и комплексноста на предлог проектот (апликацијата). Одобрените финансиски средства на апликантот чиј проект ќе биде одобрен, ќе бидат исплатени 70 % пред реализацијата на настанот/проектот и 30 % после реализација и доставениот извештај, најдоцна до 31.12.2024 .

Апликацијата за учество во програмата на „БИТ ФЕСТ 2024“ мора да биде пополнета на компјутер (пријави напишани на рака нема да бидат прифатени) и да биде поднесена на македонски јазик. Апликацијата е достапна на веб страницата на Општина Битола **www.bitola.gov.mk**

Повикот трае од 17.07.2024 до 23.07.2024 до 15.30 часот.

Краен рок за поднесување на апликацијата со прилозите во 1 примерок е до вторник 23.07.2024 год. до 15.30 часот. Овој краен рок е валиден и за апликациите со прилозите доставени лично (на рака), пратени преку пошта или курирска служба. Сите апликации со прилозите мора да бидат примени од страна на општина Битола пред крајниот рок (а не само пратени). Датумот на испраќање нема да биде земен предвид.
Апликацијата со прилозите која е поднесена лично, преку пошта или курирска служба мора да биде доставена пред истекот на крајниот рок на следнава адреса: Општина Битола, Булевар 1 Мај бр.61, Битола, со назнака за „БИТ ФЕСТ 2024“.

Ненавремена, нецелосна и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

Одлуката на Комисијата за евалуација , избор на прифатени апликации и изработка на програмата за Битолското културно лето „БИТ ФЕСТ 2024“е конечна.

Апликантите коишто имаат забелешки на процесот или оценувањето, може да поднесат барање за појаснување до Општина Битола, кое мора да биде во пишана форма, во рок од 10 дена по известувањата за доделени средства, а треба да се поднесе во Архивата на Општина Битола или на електронската адреса culture@bitola.gov.mk

Телефон за контакт 047 208 347

Бр.08-689/1
17.07.2024

Градоначалник на Општина Битола
Тони Коњановски

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 347 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk